УДК 316.77(497.7)
Sceintific paper / Научен труд

***М-р. Климе Бабунски***
klimeb@isppi.ukim.edu.mk
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

# НЕФОРМАЛНИ МРЕЖИ ВО МАКЕДОНИЈА: ВЛИЈАНИЕ И АКТИВНОСТ

Апстракт

Демократијата е постојано барање решение како да се контролира моќта на власта, односно како да се артикулира и ефектуира граѓанското општество. Решението е во утврдување правила и институции, кои претставуваат гаранција за еднаквите права на граѓаните. Демократизацијата, особено во пост-комунистичките држави, се соочува со огромен предизвик кога треба да го реформира менталитетот, секојдневното однесување, политичката култура. Истражувањето на неформалните односи и мрежи не е само прифаќање на таквиот предизвик, туку е и индикатор за нивото на достигнатата демократија. Оттука, централното прашање кое се поставува е: до каде е демократизацијата во Македонија? Одговорот на ова прашање се темели врз одговорите на редица прашања како што се: (1) Дали неформалните мрежи во Македонија се влијателни и каде е нивното влијание најголемо? (2) Дали неформалните мрежи се повеќе корисни или повеќе штетни за општеството и дали тие ја поттикнуваат корупцијата? (3) Дали постои политичка волја да се намали негативното влијание на неформалните мрежи?

***Клучни поими:*** неформални односи, неформални мрежи, влијание на неформалните мрежи

* Прелиминарна верзија од истражувачките резултати е објавена во Политичка мисла, бр. 30/2010

Abstract

The democracy is a continuous looking for a solution how to control the power of the state, actually how to articulate and provide workable civil society. The solution is in establishing rules and institutions, which will guarantee the equal rights of the citizens. Democratization, especially in the post-communist countries is facing enormous challenge in reforming mentality, everyday behavior and political culture. The researching of informal relations and networks is not only acceptance of such challenge, but also is an indicator of the level of established democracy. Hence, the central question that rises up is what the level of democracy in Macedonia is? The answer to this question is based on the answers of the list of questions like: (1) whether informal networks in Macedonia are influential and in what sphere their influence is the biggest? (2) Whether informal networks are more useful or more harmful for the society and do they facilitate corruption; (3) is there a political will to reduce the negative influence of informal networks?

**Key words**: infromal relations, informal networks, influence of informal networks

## ВОВЕД

Современото поимање на демократијата и нејзиниот развој ја нагласува нејзината двострана појавност.[5] Двостраноста ги идентификува двете основни низи прашања за кои демократијата го бара одговорот. Од една страна, се бараат решенија за реформирање, скротување и контролирање на моќта на власта, а од друга страна, се бараат решенија за преструктуирање, за артикулирање и ефектуирање на граѓанското општество. Ваквата двостраност претпоставува постојана динамика на границите на државата и на границите на граѓанското општество.

Всушност, сите „приказни за демократијата“ се приказни за правила кои создаваат институции, кои ја обезбедуваат еднаквоста на граѓаните. Ваквата еднаквост опфаќа редица правила, права и обврски, пред сѐ, политички, но и социјални и економски. Ваквите права и обврски имаат заедничка цел: да овозможат граѓаните да ги контролираат оние кои ги донесуваат одлуките – елитите, односно граѓаните да можат да ги артикулираат и да ги задоволат своите потреби и интереси. Воедно, овие права и обврски, ги прават одговорни и оние кои ги донесуваат одлуките – елитите, во претставувањето на граѓаните.

Капацитетот на демократските процеси зависи од институциите и од правилата според кои институциите функционираат, но и кога се имаат најдобрите институции и правила, тие сепак не се доволна гаранција за непречен демократски развој. Всушност, реформите или демократизацијата во пост-комунистичките држави покажуваат бројни примери на ограничен успех, затоа што или се превидува, или се игнорира менталитетот, секојдневното однесување, не само на оние кои ги донесуваат одлуките, односно управуваат со институциите, туку и на граѓаните воопшто. Паралелно на правилата со кои се формализираат односите, постојат редица неформални односи кои можат да бидат поттик, но можат да бидат и сопирачка, во создавањето на „зрелата демократија“. Промената на правилата и на институциите е полесниот дел од работата, а далеку потешко е менувањето на менталитетот, менувањето на однесувањето, кои се, пред сé, последица на одредена „култура на неформално однесување“, резултат на одредена политичка култура. Во овој контекст, вообичаено преовладува ставот дека малку се знае за фактичкото функционирање на институциите, во услови на изложеност на неформални мрежи и односи. Токму затоа, истражувањето на неформалните односи и мрежи претставува вонредно голем предизвик. Истовремено, таквиот предизвик ја надминува „академската љубопитност“ за функционирањето на институциите и претставува сериозен индикатор за нивото на демократизација.

5) За ова подетално во Дејвид Хелд, Модели на демократија, (Скопје: Акедемски печат, 2008), 351

## КАТЕГОРИЈАЛЕН АПАРАТ И ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА

Пристапот кон неформалните практики или неформалните односи, концепциско-аналитички, во рамки на Проектот[6], поаѓаше од дефинирањето на два основни поима: „контакти“ и „неформални мрежи“, како и од прецизирањето на нивните меѓусебни разлики. Поимот „контакт“ беше дефиниран како „лице кое сака и е во можност да помогне“. Во контакт-односот се работи за реципроцитет, па добиената услуга се возвраќа со слична услуга, како гаранција дека контактот останува активен и дека во иднина може повторно да се побара и да се добие услуга. Поимот „неформална мрежа“ (понатаму во текстов НФМ) беше дефиниран како „неформален круг на лица, кои се во можност и сакаат да си помогнат едни на други“. Луѓето кои се поврзани во неформална мрежа, имаат корист од тоа што ѝ припаѓаат на мрежата и, оттука, имаат интерес да ја одржуваат мрежата. Всушност, постои чувство на обврска кон другите луѓе од мрежата, а повеќекратното пропуштање да се дејствува во согласност со желбите на другите лица од мрежата, може да доведе до отуѓување или отфрлање од мрежата.

Вака дефинирани, клучните поими не се меѓусебно исклучиви: контактот може да биде дел од една или повеќе неформални мрежи, а воедно, луѓето поврзани во мрежа, можат да бараат помош од контакт кој е надвор од мрежата, значи тие се надополнуваат. Од друга страна, нивното разликување е практично потребно: контактите најчесто функционираат на „вклучи – исклучи основа“, како конкретно решение за актуелен проблем; а неформалните мрежи се еден вид врска меѓу луѓе кои споделуваат заеднички, подолготрајни, интереси.

Потребно е поимањето на разликите меѓу контактите и неформалните мрежи да се потенцира и од аспект на општествениот капитал. Контактот, иако има пристап до редица економски и/или политички средства, сепак, претставува само моќна и влијателна индивидуа, додека неформалната мрежа се темели врз средствата со кои располагаат сите лица кои се поврзани во неа, што е, секако, голема предност.

Проектот имаше неутрален пристап кон поимот неформални односи, односно кон контактите и неформалните мрежи, не прогласувајќи ги однапред за позитивни или негативни. Всушност, позитивната или негативната оцена за ваквата општествена практика зависи од начинот на кој се користат и од целите за кои се употребуваат. Тие не се нелегитимни или нелегални кога се еден вид

6) Проектот под наслов „Постконфликтна реконструкција, неформални практики и корупција: случајот на Босна и Херцеговина, Македонија и Србија“ 2006-2010 година, беше координиран од норвешкиот Институт за урбани и регионални истражувања, а беше финансиран од Советот за истражување на Норвешка. Автор на концепциското осмислување и раководител на Проектот, во сите три земји, е д-р. Асе Берит Гроделанд, а со реализацијата на Проектот во Република Македонија раководеше авторот на текстов.

помошно средство за да се добие нешто, на што се има право според закон, на пример, јавно достапна информација или помош од некоја јавна служба. Преку неформалните мрежи, особено оние кои поврзуваат квалификувани лица од иста или слични професии, може да се унапреди довербата во професионализмот и институциите. Но, од друга страна, и контактите и мрежите можат да бидат користени на прикриен начин и за прикриени цели, да се обезбеди пристап до ресурси за кои, всушност, и се нема право или овластување, што резултира со промовирање и реализирање на нелегитимни интереси на нелегален начин и што ја „отвора вратата" за корупцијата.

Ваквото концепциско-поимно осмислување на истражувачкиот потфат, претставува нов пристап во истражувањето на неформалните практики и мрежи.[7] Истражувачкиот интерес на Проектот не беше фокусиран кон одделен случај и негово емпириско мапирање, туку интересот беше сосредоточен првенствено кон начините на кои контактите и неформалните мрежи се активни во општетството генерално, а и во некои одделни сфери, од каде, всушност, беа интервјуираните лица. Понатаму, истражувањето имаше за цел да утврди колку неформалните односи се вообичаени, особено наспроти формалните односи; и, секако, од особено значење беше утврдувањето на негативните аспекти на неформалните практики, нивниот однос кон корупцијата.[8]

7) Вообичаено, неформалните мрежи се истражувани преку методата „студија на случај", во конкретни институции и преку врските меѓу луѓето во тие институции. Најчесто се работи за стопански претпријатија, а целта е да се унапреди ефикасноста, на пример: Mark J. Garmaise and Tobias J. Moskowitz. „*Informal Financial Networks: Theory and Evidence*", The Review of Financial Studies, Winter 2003, vol. 16, no. 4, pp. 1007-4; но, исто така, има примери кога теоријата на мрежи се темели врз истражувања на неформалните односи на политичко ниво, како на пример: Luis Moreno Ocampo, „Corruption and Democracy. The Peruvian Case of Montesinos.", 2003, необјавен труд, поднесен на 11. Меѓународна антикорупциска конференција во Сеул, каде се претставени врските меѓу поранешниот претседател на Перу, Фуџимори, претставниците на медиумите и претставниците на деловните интереси. Ваквите истражувања даваат прилично детализирана слика за конкретна неформална мрежа, но не успеваат мрежата и нејзините активности да ги стават во поширок контекст.

8) Од методолошки аспект важно е да се нагласи дека податоците за ваквите истражувачки цели се обезбедени преку квалитативни и квантитативни истражувачки методи. Во рамки на квалитативното истражување во 2007 година беа направени 135 продлабочени интервјуа, по 15 претставници од одделен сегмент на елитата. Примерокот ги покриваше следниве сегменти на елитата во Македонија: (1) избрани претставници; (2) партиско-политички претставници: именувани високи функционери во државната администрација или во политичките партии; (3) раководни лица од невладини организации, при што беа вклучени и странски невладини организации или фондации со свои канцеларии во Македонија; (4) сопственици и уредници во медиуми; (5) раководни лица во домашни претпријатија; (6) раководни лица во странски претпријатија; (7) раководни службеници кои се одговорни за јавни набавки; (8) судии и обвинители; (9) раководни лица во странски организации, активни во пост-конфликтна реконструкција. Вака сегментираниот примерок беше структуриран на три нивоа: национално ниво, ниво на главен град и ниво на конфликтно подрачје - Тетово. Собирањето на податоци преку квантитативна постапка беше направено во 2008/2009 година, со анкетирање на квотен примерок од 600 претставници на елитата на целата територија на Република Македонија, според претходно посочените сегменти, но без групата раководни лица во странски организации.

Следствено, со оглед на вака поставените задачи и методолошка заснованост, Проектот е составен од две еднакво важни компоненти: академска и политичка.[9] Имено, податоците обезбедени во рамките на Проектот, од една страна ќе може да бидат основа за научно засновани анализи на истражуваната појава, но, исто така, ќе служат и како рецептура за редица политички, па и професионални активности, особено во сферата на антикорупциските политики[10] и унапредувањето на доброто владеење.

Оваа статија, се фокусира врз релативно мал, но вонредно важен дел од квалитативниот дел од истражувањето.[11] Имено, цел ни е да ги претставиме ставовите на соговорниците и нивната аргументација, во врска со влијанието и активноста на НФМ во земјава, како и оцените за корисноста или штетноста од НФМ, за тоа дали ја поттикнуваат корупцијата, како и оцените за (не) постоењето на политичката волја да се намали негативното влијание на НФМ.[12]

## ВЛИЈАНИЕ НА НФМ И СЕКТОРИ ВО КОИ НФМ СЕ НАЈВЛИЈАТЕЛНИ

Најголем дел од одговорите од сите соговорници оценуваат дека НФМ во Македонија се влијателни. Ваквиот став е особено чест кај претставниците од

9) Секако, не се работи за две меѓусебно одделени компоненти на Проектот, туку се работи за двојство, за две страни, за две употребни вредности на еден нов квалитет што го обезбедуваат податоците на истражувањето. Всушност, досега ниедно истражување ја нема истражувано врската меѓу неформалните практики и корупцијата во држави, во општества кои се и пост-комунистички и пост-конфликтни.

10) Во оваа смисла, почетна литература со регионален преглед претставува насловот: M., Tisne, and D., Smilov, *From the Ground Up Assessing the Record of Anticorruption Assistance in Southeastern Europe*, (Central European University, 2004)

11) Квантитативната обработка на квалитативните податоци е правена со програмата QSR NUD*IST6, врз основа на детализирана кодна листа со над 60 категории и подкатегории. Основна единица во обработката на квалитативните податоци е одговорот или исказот на соговорникот. Ваквиот пристап во анализата условува бројот на одговори да биде различен (поголем или помал) од бројот на соговорници од одделна група (15) или од вкупниот број соговорници од сите групи (135). Разликата, од една страна, се должи на тоа што не сите соговорници ги одговориле сите прашања, а од друга страна, се должи на „повеќекратно кодирање", кое се јавува во случаите кога одговорот на соговорникот покрива повеќе категории, па еден ист одговор е кодиран во соодветен број категории. Табелите ја претставуваат ваквата квантификација на одговорите во апсолутни бројки (N) и во проценти (%). Но, секако, квантитативното претставување на квалитативните податоци само по себе не е доволно и има првенствено индикативна функција. Имено, одговорите од повеќе соговорници можат да бидат исти и да бидат кодирани под иста категорија, а всушност аргументацијата за таквиот ист став на соговорниците може да биде значително различна или да нагласува одделни аспекти на појавата. Токму затоа, претставувањето на квалитативните податоци во голема мера ќе биде „илустрирано" со цитати од одговорите, според анализата на содржина на продлабочените интервјуа.

12) Со оглед на ваквата цел, во статијава користените податоци се од квалитативното истражување и ќе се однесуваат само на НФМ, а не и на контактите.

медиумите и од НВО, но и кај претставниците на странските фирми. **(Табела 1)**

Соговорниците од медиумите објаснуваат дека постојат „...лица од неколку компании, кои се тесно поврзани и кои дејствуваат на организиран начин“, односно: „Иако неформални, тие се поврзани со влијателни политички партии или силни организации и, врз таква основа, се многу влијателни“. И соговорниците од НВО, аналитички ја објаснуваат моќта, влијанието на НФМ: „...врската меѓу политиката и олигархијата е целосно неформална, но многу моќна и влијателна. ...Во таквите мрежи се инволвирани и други структури, како судството, што ги прави уште помоќни. Во ова се инволвирани и највисоки нивоа на администрацијата, што е повторно поврзано со политиката, а тука се и некои медиуми, кои се поседувани од ваквите мрежи“. Претставниците на странски претпријатија имаат слично разбирање за НФМ и нивното влијание. „Да, тие се влијателни, ...НФМ им припаѓаат на финансиски моќни луѓе, кои станале моќни со поткрепа на политичките структури, ...приватизацијата ги создаде овие финансиски моќници...“.

И соговорниците од судската власт, од кои релативно поретко се добиени искази за влијателноста на НФМ, сепак, отворено зборуваат за влијанието на ваквите мрежи: „Тие играат водечка улога во изборот или именувањето на службениците“; или „Тие секако креираат ситуации во државата, кои имаат суштинско значење“.

Лицата одговорни за јавни набавки, како и соговорниците - претставници на странските донатори, имаат најмал процентот на потврдни одговори во однос на влијанието на НФМ, но, сепак, и нивните искази го истакнуваат големото влијание на мрежите: „Највлијателни се мрежите создадени од олигарсите. ...тие дури ја контролираат државата. ...За да ги завршите работите, треба да сте дел од овие НФМ...“ – лице одговорно за јавни набавки; или „Тие се многу влијателни, ...многу се зборува за лоби групи“ – соговорник од странска донаторска организација. Воедно, во рамките на соговорниците одговорни за јавни набавки, а особено кај соговорниците од донаторските организации, се забележува најголем процент искази според кои НФМ не се влијателни. Во овој контекст, индикативно е што соговорниците одговорни за јавни набавки исказите од типот: „Не, не би рекол дека се влијателни“, не ги објаснуваат со додатна аргументација; за разлика од соговорниците од донаторските организации, кои наведуваат различни аргументи за невлијателноста на НФМ: „...влијателни се одделни индивидуи, но не мрежите.“, или „...тие немаат влијание да спречат нешто, или да убедат некого да направи нешто“.

***Табела 1***. *Дали НФМ се влијателни?*

| | **Влијател-ни се** | | **Не се влијател-ни** | | **Друг одговор** | | **Не знае** | | **Не по-стојат НФМ** | | **Вкупно одгово-ри** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** |
| **Вкупно одговори** | **117** | **84** | **11** | **8** | **7** | **5** | **3** | **2** | **2** | **1** | **140** |
| Избрани претставници | 14 | 88 | 1 | 6 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | **16** |
| Пол. парт. претставници | 13 | 86 | 1 | 7 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | **15** |
| Медиуми | 14 | 93 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 7 | **15** |
| НВО | 14 | 93 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **15** |
| Судство | 14 | 76 | 1 | 6 | 1 | 6 | 1 | 6 | 1 | 6 | **18** |
| Домашни фирми | 12 | 79 | 1 | 7 | 1 | 7 | 1 | 7 | 0 | 0 | **15** |
| Странски фирми | 12 | 93 | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | **13** |
| Јавни набавки | 11 | 73 | 2 | 13 | 1 | 7 | 1 | 7 | 0 | 0 | **15** |
| Донатори | 11 | 69 | 4 | 25 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | **16** |

Сектор во кој НФМ се највлијателни се политичките партии! Ваквите одговори се најчести - нешто повеќе од една четвртина одговори од сите испитаници. **(Табела 2)**

Индикативно е што избраните претставници, најчесто во однос на сите други, ги посочуваат политичките партии како сектор во кој НФМ се највлијателни, пришто, како особено провокативен би го посочиле следниов одговор: „...и сеедно дали делуваат како позиција или опозиција, тие ги чуваат нивните канали. Тие имаат техники, со цел да го сочуваат нивното незаконски стекнато богатство." И претставниците од домашните фирми, исто така, вонредно често токму политичките партии ги посочуваат како сектор во кој НФМ се највлијателни: „...највлијателни се во политичките партии, а тие влијаат врз другите субјекти". или „Секако во политичките партии, бидејќи неформалните групи имаат интерес да бидат блиску до нив, за да можат потоа да ги реализираат нивните сопствени цели". Слично одговараат и соговорниците одговорни за јавни набавки: „... во политичките партии, а причината е затоа што сè е можно преку политичките партии. ...ако групата има моќ во политичките партии,

намерите на групата ќе бидат присутни во институциите... некои лица неформално се сретнале и одлучиле, а потоа тоа само се применува преку институциите“.

Со големо заостанување зад водечката позиција на политичките партии како сектор каде НФМ се највлијателни, како втор најчесто посочуван сектор каде НФМ се највлијателни е судството. Група која најчесто покажува ваква критичност се соговорниците од странските претпријатија, притоа, не се даваат некои посебни објаснувања или аргументации, туку генерално ваквите оцени се темелат врз поврзаноста на судството со политичките партии или со другите сектори каде НФМ се влијателни. Исказите на соговорниците од секторот судство привлекуваат особено внимание од аспект на посочување на технологијата на влијание на НФМ: „Ако НФМ влијае, тоа го прави особено преку владеачката партија, а влијанието може да биде насочено и врз ... судството, но тоа оди потешко. Сепак, влијанието може да се реализира при избор и именување на судии. Потоа би било лесно да се влијае врз домашните претпријатија“.

Следните два најчесто посочувани сектори, во кои НФМ се највлијателни се: избраните органи и полицијата. Рационализацијата за влијанието на НФМ во избраните органи ја следи логиката дека „...од таквите органи сѐ зависи, во нив се донесуваат одлуките...“ – соговорник од домашна фирма; „...таму е лоцирана моќта...“ – претставник на политичка партија. Кога се работи за влијанието на НФМ во полицијата, илустративен е следниов одговор: „...би ја одбрал полицијата, бидејќи тешко е без соработка на полицијата. Дел од полицијата е во овие неформални мрежи...“ – соговорник од домашна фирма.

Сектори кои се најретко посочувани како подрачја каде НФМ се највлијателни се странските фирми и донаторите. Некои соговорници посочуваа сектори во кои НФМ се највлијателни, но тие сектори не беа наведени во понудената листа.[13] Како сектори, надвор од листата, во кои „владеат НФМ“ беа посочувани образованието, особено високото образование, и здравствениот систем. Воедно, некои од соговорниците истакнуваат дека не можат да издвојат ниту еден сектор, затоа што во сите сектори од листата НФМ имаат големо, пресудно влијание, а наспроти ваквите одговори, индикативно е тоа што ниту еден соговорник од секторот за јавни набавки, не одговорил за сопствениот сектор дека НФМ се највлијателни.

13) Листата која им беше предочена на соговорниците и од која тие, всушност, го бираа секторот (секторите) во кој неформалните мрежи се највлијателни, ги содржеше следниве сектори: политички партии, избрани тела, јавни набавки, судство, полиција, медиуми, невладин сектор, домашни претпријатија, странски претпријатија, меѓународни донатори.

***Табела 2**: Сектор во кој НФМ се највлијателни*

| | Пол. партии | | Избр. органи | | Јав. набавки | | Судство | | Полиција | | Медиуми | | НВО | | Дом. Фирми | | Стр. Фирми | | Донатори | | Други | | Не знае | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** |
| **Вкуп. одг.** | **80** | **27** | **30** | **10** | **18** | **6** | **46** | **16** | **26** | **9** | **23** | **8** | **18** | **6** | **22** | **8** | **5** | **2** | **13** | **4** | **9** | **3** | **2** | **1** | **292** |
| Изб. претст. | 10 | 44 | 2 | 9 | 0 | 0 | 3 | 14 | 2 | 9 | 1 | 5 | 2 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 1 | 5 | 0 | 0 | **22** |
| ПП претст. | 7 | 17 | 4 | 11 | 0 | 0 | 6 | 15 | 6 | 15 | 4 | 11 | 4 | 11 | 3 | 8 | 1 | 3 | 2 | 6 | 1 | 3 | 0 | 0 | **38** |
| Медиуми | 11 | 27 | 4 | 10 | 3 | 8 | 7 | 17 | 2 | 5 | 3 | 8 | 3 | 8 | 4 | 10 | 0 | 0 | 2 | 5 | 1 | 2 | 0 | 0 | **40** |
| НВО | 7 | 23 | 3 | 10 | 0 | 0 | 5 | 17 | 2 | 7 | 3 | 10 | 4 | 13 | 2 | 7 | 1 | 3 | 2 | 7 | 1 | 3 | 0 | 0 | **30** |
| Судство | 8 | 23 | 3 | 9 | 7 | 20 | 4 | 12 | 4 | 12 | 2 | 6 | 0 | 0 | 3 | 9 | 1 | 3 | 1 | 3 | 0 | 0 | 1 | 3 | **34** |
| Дом. фирми | 11 | 42 | 3 | 11 | 2 | 7 | 4 | 15 | 2 | 7 | 0 | 0 | 2 | 7 | 2 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 0 | **27** |
| Стр. фирми | 11 | 24 | 6 | 13 | 4 | 9 | 10 | 22 | 6 | 13 | 4 | 9 | 1 | 2 | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | 4 | 0 | 0 | **46** |
| Јав. набавки | 8 | 35 | 2 | 9 | 0 | 0 | 2 | 9 | 0 | 0 | 3 | 13 | 1 | 4 | 3 | 13 | 0 | 0 | 2 | 9 | 1 | 4 | 1 | 4 | **23** |
| Донатори | 7 | 23 | 3 | 9 | 2 | 6 | 5 | 16 | 2 | 6 | 3 | 9 | 1 | 3 | 4 | 13 | 2 | 6 | 2 | 6 | 1 | 3 | 0 | 0 | **32** |

## АКТИВНОСТ И ВЛИЈАНИЕ НА НФМ ВО СЕКТОРОТ НА СОГОВОРНИКОТ

На директното прашање за активност на НФМ во секторот на соговорникот, доминантни се одговорите во кои соговорниците потврдуваат дека НФМ се активни во нивниот сектор. **(Табела 3)**

***Табела 3**: Дали НФМ се активни во секторот на испитаникот?*

| | **Активни** | | **Неактивни** | | **Друго** | | **Не знае** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** |
| **Вкупно одговори** | **94** | **66** | **38** | **27** | **7** | **5** | **3** | **2** | **142** |
| Избрани претставници | 10 | 62 | 6 | 38 | 0 | 0 | 0 | 0 | **16** |
| Пол. парт. претставници | 7 | 44 | 7 | 44 | 2 | 12 | 0 | 0 | **16** |
| Медиуми | 11 | 73 | 3 | 20 | 0 | 0 | 1 | 7 | **15** |
| НВО | 13 | 81 | 2 | 13 | 0 | 0 | 1 | 6 | **16** |
| Судство | 7 | 44 | 7 | 44 | 2 | 12 | 0 | 0 | **16** |
| Домашни фирми | 14 | 93 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | **15** |
| Странски фирми | 12 | 80 | 2 | 13 | 1 | 7 | 0 | 0 | **15** |
| Јавни набавки | 9 | 57 | 5 | 31 | 1 | 6 | 1 | 6 | **16** |
| Донатори | 11 | 65 | 5 | 29 | 1 | 6 | 0 | 0 | **17** |

Такви одговори дале речиси сите претставници од домашните претпријатија, пришто објаснуваат дека преку мрежите „...работите побрзо се завршуваат ... тие се користат во јавните набавки, во судството, во министерствата, насекаде...“.

За разлика од претходните одговори, каде на ниво на сите соговорници странските претпријатија беа ретко посочувани како сектор каде НФМ се најактивни (види: Табела 2), најголем дел од претставниците на странските претпријатија оценуваат дека во нивниот сектор НФМ се активни. Паралелно на ваквите потврдни одговори, се дава и оцената дека сега нивната активност е намалена, затоа што е сменета регулативата: „...квотите беа дистрибуирани од група влијателни луѓе. Тие го диктираа извозот и увозот, со дозволи за квотите...“; а и затоа што „...секторот сега е цврсто регулиран...“. Исто така, соговорниците нагласуваат дека неформалните групи во странските

претпријатија се „...деловно ориентирани, ...тие се користат за взаемна соработка...“, што укажува дека, наспроти негативните, постојат и позитивни искуства.

Група каде, исто така, доминираат одговорите дека во рамките на секторот НФМ се активни, се и невладините организации. Соговорниците нагласуваат дека „вмрежувањето“ на национално или меѓународно ниво во рамки на невладиниот сектор има специфично значење и природа, во споредба со мрежите во другите сектори: „...Но, активноста на мрежите не значи дека тие се исто толку влијателни или успешни во реализацијата на нивните планови...“; а одделни соговорници нагласуваат негативни искуства: „...Постојат одделни мрежи кои се активни во секторот на НВО ... мрежи кои се поврзани со една политичка партија и кои се активни во секторот на НВО...“.

Од друга страна, интересно е што соговорници кои за сопствениот сектор најчесто оценуваат дека НФМ не се активни се: политичко-партиските претставници.[14] Ваквиот став вообичаено е аргументиран со тоа што во политичката партија „...има формални, а не неформали односи...“.

На директното прашање за влијание на НФМ во секторот на соговорникот, повеќе од половина одговори од сите соговорници се „признавачки“, односно го потврдуваат влијанието на НФМ, а бројот на спротивни одговори: НФМ не се влијателни во секторот на соговорникот, е само една петина од вкупните одговори. **(Табела 4)**

***Табела 4***: *Влијание на НФМ во секторот на испитаникот*

| | **Влија-телни** | | **Не-влија-телни** | | **Друго** | | **Не знае** | | **Нема влијател-ни НФМ** | | **Не по-стојат НФМ** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** |
| **Вкупно одговори** | **81** | **57** | **28** | **20** | **15** | **11** | **3** | **2** | **12** | **9** | **2** | **1** | **141** |
| Избрани претставници | 9 | 56 | 5 | 31 | 2 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **16** |
| Пол. парт. претставници | 6 | 37 | 5 | 31 | 2 | 13 | 0 | 0 | 3 | 19 | 0 | 0 | **16** |
| Медиуми | 13 | 82 | 1 | 6 | 1 | 6 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | **16** |
| НВО | 11 | 74 | 2 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 13 | 0 | 0 | **15** |

14) Само да потсетиме дека најголем дел од сите испитаници оценуваат дека токму во овој сектор НФМ се највлијателни – Табела 2.

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Судство | 8 | 47 | 5 | 29 | 2 | 12 | 0 | 0 | 1 | 6 | 1 | 6 | **17** |
| Домашни фирми | 14 | 88 | 1 | 6 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **16** |
| Странски фирми | 9 | 59 | 1 | 7 | 4 | 27 | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | **15** |
| Јавни набавки | 5 | 33 | 5 | 33 | 1 | 7 | 1 | 7 | 2 | 13 | 1 | 7 | **15** |
| Донатори | 6 | 40 | 3 | 20 | 2 | 13 | 1 | 7 | 3 | 20 | 0 | 0 | **15** |

Претставници кои најчесто го потврдуваат влијанието на НФМ во нивните сектори се соговорниците од домашните претпријатија и од медиумите. Кога се работи за домашните претпријатија, особено се илустративни следниве искази: „...Тоа е нормална работа. Луѓето лобираат за сите работи. ... Сè зависи од тоа дали овие неформални групи работат со цел да направат штета или да ги унапредат работните услови...“; и „...Деловните мрежи, тоа се мрежи кои обезбедуваат позиции, ... пристап до пари. Како се користат овие мрежи? На пример, има компании кои имаат информации за сите различни видови јавни набавки кои ќе бидат објавени во следните два месеци. Во вакви услови, може да се подготвите и да ја добиете работата, кога тендерот ќе биде објавен...“. Во основа неочекувано, но соговорниците од медиумите почесто со своите одговори само го потврдуваат влијанието, а поретко навлегуваат во објаснување на начините на кои НФМ обезбедуваат влијание во секторот. Токму затоа, особено внимание привлекува следниов исказ на уредник од еден дневен весник: „...Весниците и медиумите во Македонија имаат прилично независна уредувачка политика. Сепак, со подлабока анализа се гледа дека клучна е сопственоста на медиумите. Така, од пет национални ТВ канали, три се во сопственост на лидери на политички партии. Јавната национална ТВ никогаш не била јавен сервис, ...секогаш е под владина контрола, без оглед која партија е на власт. ...и последната национална ТВ станица е во сопственост на корпорација која тргува со гориво. Така, највлијателниот конгломерат на телевизии припаѓа на бизнис елитата и на политичко-партиските лидери“.

Од друга страна, индикативно е што токму соговорниците од секторите: избрани претставници, партиско-политичко претставници, судство и јавни набавки, сектори каде одлуките имаат вонредна „специфична тежина и влијание“ врз речиси сите сфери во општеството, најчесто, во споредба со другите групи, одговарале дека во нивниот сектор НФМ не се влијателни. Избраните претставници невлијанието на НФМ го аргументираат: „...моќта е

многу повеќе во Владата, отколку во Собранието...", односно „...усвојувањето на законите го следи исполнувањето на стандардите за членство во ЕУ, а не интересите на одделни групи...". Партиско-политичките претставници „невлијанието на НФМ" го објаснуваат нагласувајќи дека политичките партии се организации каде „...има формални, а не неформални односи...". Претставниците од судството, односно од обвинителството, нагласуваат дека нема НФМ во секторот, ниту пак влијание на ваквите мрежи, туку се работи за „...одделни индивидуи, кои се обидуваат да ја искористат сопствената позиција и да вработат блиски роднини...". Соговорниците одговорни за јавните набавки, како главен аргумент за невлијанието на НФМ ја наведуваат сопствената принципиелност и одговорност како „гранична линија" каде завршуваат влијанијата, а истовремено, обелоденуваат дека „...политиката прави напори да има свои мрежи во одделите за јавни набавки...".

## НЕФОРМАЛНИТЕ МРЕЖИ – КОРИСНИ ИЛИ ШТЕТНИ?

Несомнено, клучен аспект во врска со мрежите, освен веќе изложените аспекти за нивната активност и влијание, е и прашањето за нивната корисност или штетност, секако, во однос на општеството. Во голем број случаи постои двојство - соговорниците ја нагласуваат амбивалентноста на НФМ: ваквите мрежи можат да бидат и корисни и штетни. Сепак, секој втор одговор мрежите ги оценува како штетни, а само две петини од вкупниот број одговори НФМ ги оцениле како корисни. **(Табела 5)**

Соговорниците од групите избрани претставници, НВО и меѓународни донатори, се одликуваат со тоа што нивните одговори речиси подеднакво ја посочуваат корисноста, односно штетноста на НФМ. Избраните претставници, нагласуваат дека „...НФМ се корисни кога групите се поврзуваат според активности, на пример, во текстилна или кожарска индустрија, ...или кога НФМ предупредуваат за негативните општествени појави, ...а сè друго, како привилегии пред власта, или ставање на другите во подредена позиција, ...е многу штетно. ...Го менува начинот на мислењето на луѓето за јавната админситрација, ја менува свеста на граѓаните дека сè може да биде направено со користење на контакти и неформални групи...". Соговорниците од НВО корисноста на мрежите ја гледаат ако тие обезбедуваат „...добивање на информации и ширење на знаење...", но ако НФМ се користат за лични цели, „...за добивање на права, кои се надвор од законот, или за прекршување на некои процедури, тогаш тие се штетни...". Слично, и претставниците на меѓународните донатори ја нагласуваат амбивалентноста на НФМ, притоа, корисноста ја гледаат во „...

овозможувањето на професионалните контакти...", а штетноста од НФМ е токму во обратната ситуација, кога мрежите „...наместо за унапредување на професионалноста служат за обезбедување на сопствени интереси...".

Наспроти ваквите урамнотежени оцени за НФМ, соговорниците од групите: медиуми, домашни фирми и јавни набавки се недвосмислено критични кон НФМ: исказите кои мрежите ги оценуваат како штетни се два пати побројни од оние кои мрежите ги оценуваат како корисни. Претставниците од медиумите штетноста ја опишуваат како „фарса за демократијата", а ја идентификуваат во тоа што „...НФМ се обидуваат да управуваат со општествениот живот, или да го пренасочуваат влијанието од одделни теми ...заради нечии интереси, ...кои многу често се интереси на одредени бизнис групи...". Голем дел од одговорите на соговорниците од домашните претпријатија, НФМ ги оценуваат како „безрезервно штетни", а „...мрежите се најлесниот начин за да се заобиколи законот..."; „...тие се штетни за развојот на општеството, за развојот на економијата...". И соговорниците од сферата на јавни набавки штетноста ја гледаат во слепото следење на материјалните интереси, што е „...основа во функционирањето на ваквите мрежи..."; и во затвореноста на мрежите: „...за да бидат работите завршени, треба да сте дел од мрежата. Во тоа е штетноста – јас треба да молам некого за одделни права кои ги имам и треба да ги уживам...".

***Табела 5****: Дали НФМ се корисни или штетни?*

| | **НФМ се корисни** | | **НФМ се штетни** | | **Друг одговор** | | **Не знае** | | **Вкупно одговори** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** |
| **Вкупно одговори** | **72** | **37** | **107** | **54** | **15** | **8** | **2** | **1** | **196** |
| Избрани претставници | 9 | 43 | 9 | 43 | 3 | 14 | 0 | 0 | **21** |
| Пол. парт. претставници | 7 | 35 | 12 | 60 | 1 | 5 | 0 | 0 | **20** |
| Медиуми | 6 | 27 | 13 | 59 | 3 | 14 | 0 | 0 | **22** |
| НВО | 11 | 46 | 12 | 50 | 1 | 4 | 0 | 0 | **24** |
| Судство | 5 | 26 | 10 | 53 | 3 | 16 | 1 | 5 | **19** |
| Домашни фирми | 7 | 30 | 14 | 62 | 1 | 4 | 1 | 4 | **23** |
| Странски фирми | 7 | 33 | 12 | 57 | 2 | 10 | 0 | 0 | **21** |
| Јавни набавки | 7 | 33 | 13 | 62 | 1 | 5 | 0 | 0 | **21** |
| Донатори | 13 | 52 | 12 | 48 | 0 | 0 | 0 | 0 | **25** |

ДАЛИ НЕФОРМАЛНИТЕ МРЕЖИ ПОТТИКНУВААТ КОРУПЦИЈА?

Судејќи според одговорите од сите групи, може да се каже дека НФМ претставуваат своевиден инкубатор за корупцијата: 8 од 10 одговори оценуваат дека ваквите мрежи ја олеснуваат корупцијата, а наспроти ваквата доминација, во само 7 одговори е искажан спротивен став: НФМ не ја олеснуваат корупцијата. **(Табела 6)**

Индикативноештопартиско-политичкитепретставници,иакосеодразлични, па и спротивставени партии, покажуваат целосно едногласие: сите оцениле дека НФМ ја олеснуваат корупцијата. Ваквиот заеднички именител, сепак, има јасно препознатливи нијанси: од една страна, „...Да, на секој начин. Почнувајќи од Премиерот во Владата, сите тие се инволвирани на некој начин...“; а од друга страна, се оценува: „...Тие искористуваат одредена позиција ...Имам впечаток дека ваквата пракса е минимизирана во сегашниов период, затоа што Владата е цврсто одредена да се бори против овие девијантни појави...“.

Вонредна доминација на одговори кои оценуваат дека НФМ ја олеснуваат корупцијата има и кај соговорниците од медиумите, од судството, од странските претпријатија, од јавните набавки. Претставниците од медиумите објаснуваат: „...ако луѓето се дел од силните структури на власта, тие можат да го олеснат пристапот до тендери, пари, фондови...“; или ги опишуваат појавите на корупција во сопствената сфера: „...можете да добиете понуда да објавувате написи против конкуренцијата во бизнисот...“, и „...Владата ги корумпира медиумите за да ја добие нивната поддршка. Ако имате корумпирано судство, корумпиран здравствен систем, тешко е да се верува дека новинарството не е корумпирано...“. Соговорниците судии и обвинители, исто така, ги оценуваат НМФ како извориште на корупцијата, а нивното објаснување е дека: „...корупцијата не е поврзана само со пари...“ односно: „...корупцијата е волшебен круг на правење и возвраќање услуги...“; „...Не можам да тврдам дека нема вакви работи во судството. Понекогаш примаме судски одлуки од пониските судови кои индицираат ...дека или судијата од понискиот суд е „легален далтонист“, или нема никакво знаење од примена на законите...“. Одговорите на претставниците на странските претпријатија, освен што недвосмислено ја потврдуваат врската меѓу НФМ и корупцијата, упатуваат и на улогата на државната администрација: „...државата е сериозен деловен субјект, ...обезбедувањето на финансиски интереси на одделни структури ... се односите кои ја генерираат корупцијата...“.

***Табела 6**: Дали НФМ ја олеснуваат корупцијата?*

| | Ја олеснуваат | | Не ја олеснуваат | | Друг одговор | | Не знае | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** |
| **Вкупно одговори** | **115** | **85** | **7** | **5** | **8** | **6** | **5** | **4** | **135** |
| Избрани претставници | 12 | 79 | 1 | 7 | 1 | 7 | 1 | 7 | **15** |
| Пол. парт. претставници | 15 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **15** |
| Медиуми | 14 | 93 | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | **15** |
| НВО | 9 | 60 | 2 | 13 | 3 | 20 | 1 | 7 | **15** |
| Судство | 13 | 93 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 7 | **14** |
| Домашни фирми | 12 | 80 | 0 | 0 | 2 | 13 | 1 | 7 | **15** |
| Странски фирми | 14 | 93 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | **15** |
| Јавни набавки | 14 | 93 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | **15** |
| Донатори | 12 | 75 | 2 | 13 | 1 | 6 | 1 | 6 | **16** |

## (НЕ)ПОСТОЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА ДА СЕ НАМАЛИ НЕГАТИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА НФМ

Незначително се побројни одговорите кои оценуваат дека во Македонија не постои политичка волја да се намали негативното влијание на НФМ, во однос на одговорите според кои ваква волја постои. **(Табела 7)**

Индикативно е дека најголеми оптимисти, односно најголем број одговори дека постои политичка волја има во групите: политичко-партиски претставници и избрани претставници. Оптимисти има, но значително помалку, и во групите: јавни набавки, странски фирми и судство. Политичко-партиските претставници и избраните претставници покажуваат различни аргументи за својот оптимизам. Од една страна, тоа е вербата во Водачот: „...Јас никогаш не сум почуствувал таква подготвеност да се намалат или да се спречат ваквите појави, освен сега, кога Груевски е Премиер...“; од друга страна, како аргументи се наведуваат активностите на Владата и на институциите: „...новата регулатива, намалувањето на одделни права на функционерите, на дискреционите права,...“; но паралелно на ваквите ставови со кои се потврдува постоењето на политичка волја, се нагласува дека таквата волја често е „само декларативна“,  и се поставува и прашањето: „...дали е таа доволна, ...дали ќе се истрае и дали ќе се успее во намерите...“.

***Табела** 7. Дали има политичка волја да се намали негативното влијание на НФМ*

| | Има политичка волја | | Нема политичка волја | | Друг одговор | | Не знае | | Вкупно одговори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** | **%** | **N** |
| **Вкупно одговори** | **57** | **40** | **60** | **42** | **21** | **15** | **5** | **3** | **143** |
| Избрани претставници | 9 | 50 | 6 | 33 | 2 | 11 | 1 | 6 | **18** |
| Пол. парт. претставници | 9 | 57 | 5 | 31 | 1 | 6 | 1 | 6 | **16** |
| Медиуми | 4 | 25 | 10 | 63 | 1 | 6 | 1 | 6 | **16** |
| НВО | 3 | 18 | 7 | 41 | 7 | 41 | 0 | 0 | **17** |
| Судство | 7 | 47 | 6 | 40 | 2 | 13 | 0 | 0 | **15** |
| Домашни фирми | 6 | 40 | 7 | 47 | 2 | 13 | 0 | 0 | **15** |
| Странски фирми | 8 | 53 | 6 | 40 | 0 | 0 | 1 | 7 | **15** |
| Јавни набавки | 7 | 47 | 5 | 33 | 3 | 20 | 0 | 0 | **15** |
| Донатори | 4 | 25 | 8 | 50 | 3 | 19 | 1 | 6 | **16** |

Наспроти ваквата верба дека постои политичка волја да се намали негативното влијание од НФМ, соговорниците од медиумите, од невладините организации и од странските донатори, покажуваат нагласен песимизам: одговорите според кои нема политичка волја се два пати побројни од оние кои прифаќаат дека ваква волја постои.[15] Аргументацијата во одговорите на соговорниците од овие групи првенствено ја нагласува поврзаноста на политичарите со НФМ: „...Сè уште нема критична маса ...првенствено затоа што од користење на мрежите, на неформалните односи и структури, политичките партии и политичарите сè уште имаат голема корист ...нема политичка зрелост и, најлошо, нема политичка волја да се разреши... Би рекол дека и медиумите се поврзани ...не е едноставно и нема само една страна...“; а ја нагласува и неефикасноста, како потврда на отсуството на политичка волја: „...ако погледнете колку афери има и колку од нив се затворени, а колку не – тогаш се станува јасно...“. Суштината

15) Претставниците на домашните претпријатија, иако релативно изедначени во нивните одговори, сепак, покажуваат поголема наклонетост кон оцените дека не постои политичка волја за намалување на негативното влијание на НФМ.

е што ваквите мрежи се „...главните финансиери на политичките партии…“, а и во многу раширениот став: „...кога ќе дојдам на власт, треба да почнам да ги полнам џебовите. Ваквиот став мора да исчезне, за да се сменат работите...“. Недостатокот на политичка волја соговорниците од медиумите и од НВО го гледаат и во недоволната транспарентност: „...НФМ треба јавно да работат, но таквата волја недостасува...“, притоа, уредниците нагласуваат дека и „...новинарите треба да бидат поттикнувани да зборуваат отворено за ваквите групи...“; а соговорниците од НВО го истакнуваат значењето на „...другиот тип[16] на НФМ, кои треба да влијаат врз ваквата состојба, да работат кон подигање на свеста и градење на јавното мислење...“.

Индикативно е што, токму во контекст на (не)постоење на политичка волја, релативно голем број одговори спаѓаат во категорија „други“[17] и тоа првенствено од соговорниците од НВО. Во нивните одговори тие ја нагласуваат сопствената резерва да дадат каква и да е оцена, затоа што „...нашите политичари секогаш едно зборуваат, а друго прават. Тешко е да се предвиди нивната волја...“. Други одговори повеќе ги нагласуваат решенијата, отколку што даваат оцена: „...она што е потребно е закон за лобирање и закон за финансирање на политичките партии...“.

## ЗАКЛУЧОК

Централното прашање е во која мера може да се реализира основниот принцип на демократијата: да се контролира моќта на власта, врз основа на правила и институции, кои се еднакви за сите, ако токму тие стожерни елементи се изложени на притисок од неформалните мрежи. Или нешто поинаку поставено: дали може да се зборува за еднаквост во правата и обврските, ако доминира „културата на неформално однесување“.[18]

Сумарната реконструкција на ваквиот секојдневен притисок врз институциите, но и врз граѓанското општество, врз основа на резултатите од истражувањето, недвосмислено покажува:

16) Се мисли на НФМ како форма на координирана активност на НВО во одредена сфера, во конкретниов случај во сферата на антикорупциски активности.
17) Односно, ниту го потврдуваат, ниту го негираат постоењето на политичка волја.
18) Во овој контекст упатно е да се разликува дали културата на неформалното однесување е **функционална**: се јавува како **одговор на институционален и законски дисконтинуитет**, кој може да е последица на транзиција или конфликт, а важно е што ваквата неформална култура е релативно краткотрајна и постепено бидува заменета со јасни правила и институции; или, културата на неформалното однесување е **вткаена во историското минато** и, оттука, е **дел од политичката култура**, а промената на таквото неформално однесување е многу побавна од промената на политичкиот или економскиот систем. Сепак, податоците од истражувањето ги претставуваме и анализираме независно од ваквото разликување.

- Неформалните мрежи во Македонија се влијателни, а нивното влијание е организирано и се простира врз сите сфери.
- Неформалните мрежи се највлијателни во политичките партии. Истовремено, јасно е дека таквата своја „вгнезденост" НФМ успеваат оптимално да ја инструментализираат, односно токму преку моќта на политичките партии го зајакнуваат и шират сопственото влијание.
- Активноста и влијанието на неформалните мрежи во одделни сектори е потврдена од најголем дел од елитата. Мрежите се најактивни во секторот на домашните претпријатија, а се највлијателни, исто така, во домашните претпријатија, но и во медиумите. Ова е вонредно вреден показател за генезата и технологијата на моќта на неформалните мрежи.
- Елитата, иако свесна за амбивалентноста на мрежите: тие можат да бидат и корисни и штетни, сепак, два пати почесто оценува дека неформалните мрежи се штетни, отколку што оценува дека се корисни. Ваквите оцени се важен показател за актуелната природа на мрежите во Македонија.
- Елитата е вонредно хомогена во оцените дека неформалните мрежи ја поттикнуваат корупцијата.
- За жал, ваквата заедничка свест за врската: неформални мрежи – корупција, е со „краток рок". Елитата е „поделена на две" кога го оценува (не)постоењето на политичка волја за намалување на негативното влијание на неформалните мрежи. Оние кои ја персонализираат и институционализираат политичката волја: партиско-политичките и избраните претставници – најчесто оценуваат дека таквата волја постои. Од друга страна, токму оние кои, во име на граѓанското општество, професионално ја набљудуваат политичката сцена, па оттука и (не)постоењето на политичката волја, претставниците на медиумите, на НВО и на странските донатори најчесто оценуваат дека таквата волја не постои.

Очигледно, културата на „неформално однесување" предизвикува искривена диоптрија, особено кога треба да се идентификуваат решенијата за намалување на негативното влијание на неформалните мрежи. Таквата искривеност спречува да се создадат решенија за контролирање на државната моќ, но, исто така, спречува да се артикулира и граѓанското општество. Токму заради персонално-институционалната затвореност, самодоволност и некритичност на власта, во чија основа се неформалните мрежи, граѓанското општество ја губи можноста да биде динамичен корректив на правилата и институциите. Двостраноста на демократијата се претвора во двојност, на два, разделени, па и спротивставени света.

## *БИБЛИОГРАФИЈА*

Хелд, Дејвид. *Модели на демократија*, Скопје, Акедемски печат, 2008

Garmaise, J. Mark and Moskowitz, J. Tobias. "Informal Financial Networks: Theory and Evidence", The Review of Financial Studies, Winter (2003), vol. 16, no. 4, pp. 1007-4;

Moreno, L. Ocampo. „Corruption and Democracy. The Peruvian Case of Montesinos.", 2003, необјавен труд

Tisne,M., and Smilov, D., *From the Ground Up Assessing the Record of Anticorruption Assistance in Southeastern Europe,* Budapest: Central European University, 2004

Czarnota, A., Krygier, M. and W. Sadurski, eds., *Rethinking the Rule of Law after Communism.* Budapest: Central European University Press, 2005.

Grødeland, Å., Berit. "Red Mobs", "Yuppies" and "Lamb Heads": Informal Networks and Politics in the Czech Republic, Slovenia, Bulgaria and Romania", paper presented at the ICCEES VII World Congress, Berlin, 25-30 July 2005.

Grødeland, Å., Berit. "Informal Networks and Corruption in East Central Europe", paper prepared for Conference on "Corruption and Scandals in the Public Service and the Political System", Panteon University of Social and Political Sciences, Athens, 2003.

Miller, W.L., Grødeland, Å.B. and T.Y. Koshechkina, *A Culture of Corruption? Coping with Government in Post-communist Europe*. Budapest: Central European University Press, 2001.

Sandholtz, W., and Gray, M., *International Integration and National Corruption, University of California, 2001*